# Мониторинг на дискурсот на претседателските кандидати како фактор за градење ПОЗИТИВЕН МИР

Прелиминарен извештај – прва фаза




*Истражувачки тим:*
**м-р Лилјана Пецова – Илиеска**
**д-р Кире Бабаноски**

Скопје, 19 април 2019 година

ИМПЕТУС – Центар за интернет, развој и добро управување
www.impetus.mk

гостин истражувач: м-р Жанета Богоеска

*Беседништвото може со мудри мисли*
*да го обземе духот,*
*а со убави зборови да го помилува увото,*
*да го крене срцето на народот,*
*да ги отстрани сомнежите на судијата,*
*да даде решавачки совети,*
*да ги заштити невините,*
*да им помогне на бессилните,*
*да ги спаси поништените,*
*да ги ослободи прогонетите,*
*да ги повика заблудените,*
*да ги издигне слабите,*
*да ги понижи дрските,*
*да ги надвладее противниците,*
*да ги придобие колебливите,*
*да ги преобрази подозривите,*
*да ги затвори отпадниците,*
*да ја поддржи правдата,*
*да ја урне неправдата*
*со истата сила да се брани и напаѓа.*

Цицерон, I век п.н.е

# Содржина

**Предмет на истражувањето** ........ 4
**Цели на истражувањето** ........ 4
**Наоди** ........ 4
**Факти и информации** ........ 5
**Изборна програма** ........ 5
**Стил и јазик** ........ 7
**Искреност и убедување** ........ 8
**Углед и кредибилитет** ........ 8
**Позиција на говорник** ........ 8
**Вербална комуникација (артикулација и модулација)** ........ 9
**Позитивниот мир и политичарите** ........ 11
**Заклучок** ........ 14

**Предмет на истражувањето**

Предмет на ова истражување е политичкиот дискурс, т.е. лексиката која се користи како став за време на претседателската кампања од страна на претседателските кандидати, во корелација со факторите за развој на позитивен мир.

Процесот на мониторинг започна со официјалниот почеток на претседателската кампања и сé уште трае. Ова е само прелиминарен извештај и не ги содржи сите податоци, сé до објавувањето на конечниот извештај по завршување на мониторингот.

Мирот се воспоставува и регулира само преку демократски процеси на спроведување на политиките. Сите политичари треба да бидат одговорни доколку нивната реторика покажува или повикува на конфликт, бидејќи конфликтот сам по себе имплицра предизвикување страв и заплашување, а не почитување на човековите права и демократија. За воспоставување и одржување на мирот влијаат многу фактори од општествена, економска, политичка, културолошка, географска, историска и друга природа.

Според Institute for economics and peace (http://economicsandpeace.org) позитивниот мир може да се опише како **создавање на оптимална средина** во која човечкиот потенцијал може да се развие. Понатаму, позитивниот мир се дефинира како **севкупност на ставови,** институции и структури кои создаваат и одржуваат мирни општества.

**Цели на истражувањето**

Политиките се клучни пресвртници што секоја политичка партија ги дизајнира во рамките на програмата за својата работа. Сепак, сите тие не успеваат да ги исполнат бидејќи сé повеќе се фокусираат на политичкото опкружување и ги дизајнираат согласно процесите во државата. Истражувачкиот труд има за цел да ја прикаже вистинската поврзаност и влијанието на користената реториката, односно да проба да ја извлече семантиката врз основа на дискурсите што се користат во таквите чекори за застапување. Целта е да се истражи како една или друга политичка партија се осврна на истата политика и како таа реагираше, односно ја поддржа или не, со различна реторика.

Во таа смисла прилично е интересно како се користи реториката, од различни партиски припадници/приврзаници и членови, а особено од претседателските кандидати во овој период зад кои застанаа политичките партии. Истражувањето има за цел да открие и објасни политички дискурс, лексика и елементи на реторика, кои индиректно влијаат на развојот на позитивниот мир во државата. Впрочем, на кое ниво треба да постои политичка одговорност во однос на искажаните ставови, бидејќи и неспроведувањето на политиките за кои се залагаат јавно преку јавно искажаните ставови треба да се преземе како одговорна и отчетна мерка за инволвираните политичари и кандидатите кои ги застапуваат.

Политичката реторика што се користи во оваа географска област е слична, но не е непозната, но не толку многу истражувана и интерпретирана во јавноста за семантиката. Многу сериозно беа земени изјавите од различни институционални претставници како сериозна закана за демократијата и мировната стабилност во земјата.

Сепак, за голем дел од тоа граѓаните не се свесни. Поголемиот аудиториум го зема здраво за готово сето она што го кажува политичарот.

**Наоди**

Јавното говорење, како водечко средство за комуникација, е чест фактор при селекцијата на кандидатите за лидерските позиции, бидејќи токму говорот ги открива капацитетите, амбициите, ставовите, размислувањата на говорникот и идните планирани акции кои се стремат да ги преземат. Во рамки на претседателските избори 2019, вокабуларот

на кандидатите за функцијата претседател, како и партиските лидери, како нивни поддржувачи, изобилуваше со навредлива, непристојна, но и не толку жестока реторика, колку што беше полна со меѓусебни обвинувања, со низа гафови, обвинувања на лична и политичка основа.[1]

Во реториката од циклусот на јавни настапи на кандидатите за функцијата претседател беа мониторирани следните елементи и констатирани следните наоди:

## Факти и информации

Неопходно е говорникот добро да го познава предметот за кој што говори, да ги поседува сите факти и информации од областа. Во оваа насока кандидатите за претседател во своите обраќања, како и во своите Изборни програми, многу ретко[2], скоро никогаш не користеа извори, и/или забораваа да ги споменат изворите од каде се добиени информациите, односно статистиките кои беа споменувани. Не е важно само да се каже (точната) бројка, ами и да се каже изворот од каде се пренесува информацијата. На тој начин веродостојноста и релевантноста на изворот и бројките може да се смета како начин за пласирање погрешни информации, т.е. обид за ширење пропаганда во јавноста. Особено што Изборните програми (дел од нив) изобилуваа со процентуални износи, за кои јавноста не можеше да утврди дали се точни и веродостојни за анализа, а беа приложени како главни аргументи за политичко убедување.

## Изборна програма

Сите тројца кандидати ја истакнуваа дискурсивно содржината на политичката програма, политичко - економските приоритети и понудија (какви-такви) решенија за состојбите во одредени области. Впечатливо беше што во рамки на програмските активности се третираа слични прашања, но од различен аспект и со различен пристап. Комплетно се разликуваа само во делот „добро-соседски односи “, што е клучен индикатор за развој на позитивниот мир во државата.

**Претседателскиот кандидат бр. 1 – Блерим Река[3]**, издвои 5 точки на кои ќе се фокусира. Петте приоритети беа јасно дефинирани, со прецизен и разбирлив јазик за сите граѓани, како на албански, така и на македонски јазик. Структурно и стилистички ваквиот јазик е прифатлив за избирачкото тело, со оглед на фактот што вклучува и теми кои задираат во општественото живеење и работење, но не се во надлежност на Претседателот на државата. На лексички план предизвикува несогласување кога користи израз кој задира во уставната поставеност на државата, која семантички би можела да влијае на индексот на позитивен мир во државата. Имено, изјавата, која дури е и на почетокот на самиот текст, и е водечка сентенца, би требало да се преформулира за да не создава забуни, дилеми и/или стравување за можни конфликтни ситуации: „Македонија е држава, но не и Република“. Иако има обид да ја дообразложи подолу во текстот, сепак останува голема загриженост, бидејќи се осврнува само на одреден период во независното постоење на државата, како и термините: „враќање на републикански статус“ и „деперсонализација на државата“.

---

[1] Пендаровски: Ќе бидам претседател на сите граѓани и внатрешен „камшикар“, 01.04.2019, https://www.youtube.com/watch?v=AEbkqwUAblw&fbclid=IwAR0erTwwysC08SNMoby-CGEkZPBhAqqmjvLL24VEcy3WpoMEg--fYXkpUZFw
Заев: На претседателските избори имаме лесен избор,спротивната страна има слаб кандидат, 04.04.2019, https://www.youtube.com/watch?v=YHNpMyEuqLg&fbclid=IwAR3TI4AS4QXOTIIA1b3AiMXz9VIEhbpCt8Tgf_uBeEL2YOyxe2kuQlGKlOU
VMRO-DPMNE RALLY FROM NEGOTINO MACEDONIA, 03.04.2019, https://www.youtube.com/watch?v=IctAh-VALri8

[2] забележано само во неколку ТВ гостувања со под-прашања од новинар (заб. на истражувачите)

[3] http://blerimreka.org/mk/programi/

Воедно, нејасно останува како надлежностите на Претседателот на државата би имале силна поврзаност со интегрирањето во ЕУ. Иако е стратешка определба за пофалба во оваа програма, сепак е бледа и празна флоскула која не може ништо да придонесе во тој процес, бидејќи е процес во кој се засегнати сите власти во државата.

Од сите пет елементи во неговата програма за пофалба е лексиката која се користи, во насока на остварување на правата, правото и демократијата, но се корелира повторно со индициите за потенцијални промени или иницирање нови постапки за мулти-етнички предизвици. Особено реченицата; „Оваа демографска содржина треба да се институционализира во форма на мулти-етничка Република “, која е во корелација со изјавите на лидерот на партијата на една телевизија,[4] дека треба да се размислува во насока на преименување на улиците, со цел поголемо чувство на припадност. Ваквите навидум паралелни изјави се комплементарни и го појаснуваат идеолошкиот показател, и во рамки на дискурс стануваат појасни и видливи како можен исчекор кон национализам, што е еден од факторите кои го намалуваат нивото на позитивен мир во државата.

**Претседателскиот кандидат бр. 2 – Гордана С. Давкова** во својата програма[5], која многу повеќе наликува по форма на декларација, особено во воведниот дел, отколку на документ со кој се обраќа до граѓаните, повторно користи несоодветен пристап кон избирачкото тело. Јавноста е аудиториум за кој треба да се претполага дека ги нема сите факти и информации, не е орган на власта кој работи или постапува по правни формати и едноставно не е сведено на ниво на разбирливост и јасност.

Структурирањето и обликувањето на содржината укажува само на високо ниво на ерудиција која не може да ја следи секој. Таквата забелешка истражувачите ја имаат и во јавните говори на кандидатот, особено при користење на лексика и изрази на латински јазик, кои не соодветствуваа на колективниот дух и дејство. Ваквиот начин на презентација претполага и замајување на јавноста, но и обид за надредување над Другиот, бидејќи покажува позиција над обичните граѓани. Воедно, користењето на лексика и тврдења од типот: „Разнебитување до непрепознатливост, демакедонизација и фалсификување на историското и културното наследство; Владеењето на правото и правдата се само декларација, а стварноста се соочува со самоволие и неправда; исказот од типот „Демократијата и економијата се во длабока криза“ уште во воведот упатува на негативна лексика, семантички импликации за крајно кризни ситуации, кои не треба да соодветствуваат во почетниот дел на дискурсот на ваков тип на програми. Програмата како суштински дел од политиката и реториката треба да ја отслика стратегијата по која кандидатот ќе се поведе и ќе дејствува, а не да содржи обвинувања и минати дејствија со цел да се наметне над другиот.

Од содржински аспект, програмата изобилува со проекти и е преобемна за да биде прочитана до крај, свесно или не, го оспорува и капацитетот на обичниот граѓанин да се занимава со сите тие теми и проекти. Исто како и во претходниот пример, иницирањето на уставни промени и реформи е првиот индикатор за потенцијални кризи и промени во процесот на градење на позитивен мир во државата. Особено што државата веќе долги години има претрпено низа конфликтни ситуации кои доведоа или доведуваа до измени, дополнувања, како и тензични решенија на проблемите.

Загрижува фактот што кандидатот во својата програма се повикува на мнозинството, иако тоа е крајно когнитивна пристрасност и логичка недоследност во сите понатамошни изјави на кандидатот за прифаќање на Договорот од Преспа, па пишува; „Граѓаните со право се прашуваат не е ли договорот повреда на задолжителното меѓународно право (jus cogens): правото на самоопределување, принципот на еднаквост на државите, мешањето во внатрешните работи на суверена држава, како и сериозна повреда на колективните и индивидуалните човекови права?“

[4] https://www.facebook.com/AlsatMTelevision/videos/327634201285705/
[5] http://gordanazapretsedatel.mk/wp-content/uploads/2019/04/programa.pdf

Не е дозволиво по сите етички стандарди на добро ораторство да се користи повикување на мнозинството, односно да презентира склоност во вистинитост на некој исказ само ако мнозинството го поддржува. Во такви ситуации јасно станува збор за манипулативно однесување, особено потенцирајќи што користи реторичко прашање, а не изјава која е верификувана.

**Претседателскиот кандидат бр. 3 – Стево Пендаровски**[6], за разлика од претходните кандидати, изобилува и ја пренагласува употребата на зборот „шанса“, што имплицира позитивна конотација. Само во воведното обраќање, кое има индиректна форма на писмо, преку индиректно обраќање, евокација - која е прифатлива за граѓаните, не поставува негативни тези, ниту користи негативен јазик. Дури четири пати го користи зборот „шанса“, и два пати „солидарност“. Нејасно останува значењето на параграфот кој се однесува на актуелниот претседател, г. Иванов, бидејќи не имплицира нови и непознати информации, туку напротив означува навраќање наназад, што во содржинска смисла не му е тука местото. Истата забелешка ја имаат истражувачите и во делот на повикување кон минатото, како во примерот даден кај кандидатот бр. 2, но со оглед на таа разлика што отсуствува лексика во негативна конотација.

Фокусот на ваквите нагласувачки елементи кои одекнаа во јавноста е далеку од суштината за моќта на реториката во политичките говори. Изоставувањето на одговорите за реалните политички проблеми, ги втурнува во дигресија, во мисли кои се склони кон нападот на противникот, а во нив има отсуство на суштински концепт кој сам по себе ќе нè натера да имаме следственост на мислите, кој за жал беше изоставен во досегашната понуда од претседателските кандидати.

Пораките кои се праќаат од изборните програми треба да бидат недвосмислени, кратки и јасни, со сопствен предлог за излез од постоечката ситуација, спротивно од тоа што во моментов доминира реториката во која кредибилитетот запаѓа на изјави од редот “поздравот на жителите на Кавадарци во Неготино”, “сидрото кое влече напред”, “ако имаше дете за вработување никој не ти го гледаше” или “турците беа против османлиското ропство“.

Спорна е и инвентивноста на некои делови од изборните програми, како и реалната временска рамка за спроведување на сите тие проекти и иницијативи. Во други општества и држави, како позитивен пример за индикатор на успешност е и презентација на тимот кој би го ангажирал кандидатот за претседател со цел да прикаже реална и можна имплементација на програмата која ја нуди. Овде тоа изостанува и се претполага една дилема во однос на обемноста и спроведливоста.

## Стил и јазик

Високото ниво на изразување и употребата на сложена терминологија се употребува токму во делиберативното беседништво, но најчесто има спротивен ефект кај аудиториумот.[7] Премногу латинични изрази, нејасен и неразбирлив јазик за обичниот граѓанин, со користење на правна терминологија која не е својствена и разбирлива за општата јавност е квалификатив на само еден од кандидатите.

Првиот дел од кампањата се одвиваше на двата јазика, односно едниот кандидат користеше два јазика во своите говори, а останатите кандидати го користеа преводот на албански јазик во рамки на рекламните спотови, како и на социјалните медиуми.

Од аспект на разгледување на користењето на јазикот, забележлива беше малку поинаквата невербална комуникација, односно реакција на кандидатот за Претседател – Блерим Река кога зборува на албански јазик. Оттука, во интерес на истражувањето ќе го

[6] https://zaednonapred.mk/programa/

[7] Даниела Блажевска, Јавно говорење (Прирачник) USAID-SEA Project, Скопје, 2006

нотираме ова само, но ќе продолжиме да го следиме и во втората фаза, со цел појасна констатација во тој дел.

**Искреност и убедување**

Мотивираноста е во директна врска со уверливоста при настапот, односно основната цел на говорот - убедувањето. Овде треба да се изнајде мостот помеѓу тенденцијата да го наметнеме сопствениот став без претходно да интонираме претерана скромност. Забележано е дека сите тројца кандидати уште во самиот почеток на кампањата изразија силно убедување во своите намери, како и елаборативно изнесување на причините заради кои се вклучиле во оваа кампања. Ова беше земено предвид како позитивна конотација на самите кандидати, бидејќи јасно ја изрази нивната лична и професионална заднина и влог во изборите.

Во понатамошниот дел од кампањата, (вклучително забележана и во Изборните програми, особено во делот на ЈАС - референцата) значително се промени. Изјавите и пречестите гостувања на лидерите на политичките партии по разни дебатни емисии, интервјуа, го намали факторот на убедување и искреноста во позициите кои беа изјавени и поставени од почеток, особено забележливо кај кандидатот за Претседател бр. 2

**Углед и кредибилитет**

Само добриот човек, може да биде добар говорник, тврдел Квинтилијан. Водечката етичка вредност, подразбира способност јасно да се одвои доброто од злото и да се расуди што е штетно за општеството, а што не.[8] Во циклусот настапи честопати можеше да се забележи црно – бело сликање на состојбите, со што таквата поларизираност во рамки на говорот претполагаше поголем влог на кредибилетот на кажаното наспроти вистинитоста на она што е кажано. Кандидатите „не се штедеа“ себеси и својот углед, јасно изложувајќи се на такви изјави, со тоа намалувајќи го сопствениот кредибилитет. Партиските изјави и говори, иако не беа предмет на ова истражување, сепак се покажа дека се релевантни за да се разгледаат, бидејќи и тоа како влијаеа на кажаното, на позициите на кандидатите и намалување на вредносните судови. Се чини дека таквите појави и изјави направија поголема штета од корист во однос на кандидатите, но во интерес на јавноста и информираноста за прецизните ставови по повеќе прашања, е далеку од добро, би рекле и корисно за граѓанско определување.

**Позиција на говорник**

Интересни беа различните пристапи на формално претставување на кандидатите. И додека едните тоа го правеа во најголем број случаи во сала, во затворен простор со одредена етничка заедница, други го правеа тоа како тет-а-тет средби со граѓани и/или во форма на квадрат. Едните имаа строго контролирана бина/платформа за изразување и повикување, всушност и интонацијата и вокацијата беше сосема друга на бина, наспроти зборување во рамка, во квадрат во кој не постоја две нивоа: едни горе на бина, други долу кои слушаат. Квадратот како форма подразбира еднаквост од сите страни, едно ниво на комуникација со оние кои се пристуни и можност за „ранливост“ и отвореност од сите страни. Тоа покажа поголема транспарентност, отколку позицијата „од горе“.

Зачудуваше фактот што позицијата на кандидатот бр. 2 е секогаш подесно од самиот центар, каде што секогаш се наоѓаше партискиот лидер. Поставеноста на телото, исправеноста, односно наведнатоста на главата, инсинуира позиција на подреденост, што недвојбено поставува дополнителни дилеми и прашања.

---

[8] Ivan Ivanji, Razgovori o veštini govorništva (Retorika), Bratstvo - Jedinstvo, Novi Sad, 1953, str. 50

**Вербална комуникација (артикулација и модулација)**

1. Артикулација

Во рамките на претседателската кампања очигледно е и забележително како секој кандидат поединечно ја употребува моќта на гласот. Аристотел уште многу одамна заклучил "Ние не го слушаме зборот, туку човекот кој говори", оттаму не е доволно само да се подготви одличен говор со сите параметри и правила, впрочем позади секоја политичка кампања стојат ПР агенции и индивидуи на кои тематиката им е доволно позната и разработена, потребен е начин преку кој ќе добиеме успешен јавен настап.

За да добиеме успешен јавен настап кој е поткрепен со однапред осмислен и доволно подготвен текст потребно е да се има добра дикција.

Според потесното дефинирање под дикција се подразбира: Нагласување на зборовите со јачината и бојата на гласот според нивната важност.[9] Нагласувањето и бојата на гласот создаваат предуслови за тоа како публиката ќе реагира, дали нашето говорење ќе ги привлекува или иритира. Добрата артиклулација е условена од правилно дишење кое подразбира да се дише полека и длабоко, начинот на образување на гласовите и техниката на изговарање.

Неиздвојувањето на суштинските главни елементи во процесот на нагласување, води кон едно праволиниско говорење кое со самото темпо на неиздвојување на главните елементи води кон погрешна артикулација, односно скратување на самогласките и согласките поради забрзаното темпо на говорење кое е навлечено од постоечкото ненагласување. Слеаноста на мислите нуди конфликтна зона во процесот на издвојувањето на битното од помалку битното за слушателите[10]

Во креирањето на добриот говорник голем акцент остава и нагласувањето на она што вие како говорник го доживувате и сакате да го пренесете на својата публика, за тоа е потребно во одредена мера да ги "сервирате вашите чувства" како би ја пренесле вашата душевна енергија и би креирале мост на блискост со таа публика, но не и континуирано потенцирање кое би придонело патетичното нагласување да ја премине границата на нормалата.[11]

Нагласувањето на зборовите е карактеристика на добриот говорник што би значело дека би имале логично нагласување на одредени зборови во склоп на реченицата од каде што би произлегло дека говорникот е свесен за она што говори и знае што нагласува сѐ со цел да го пренесе она што го доживува како би го доживеале и разбрале другите.

Во рамки на мониторингот беа забележани следните елементи:

- Силно граматичко нагласување и почитување на акцентските целости кои придонесуваат за поубав ритам на реченицата. Со граматичкото нагласување треба да му се одреди на секој глас место и правилна боја на зборот. Дури и кандидатот за претседател бр. 1 во својот говор при употребата на македонски јазик се обидуваше да зборува со точно граматичко нагласување на зборот, што придодаде едно важно значење кон идентитетскиот елемент. За разлика при користењето на албанскиот јазик, неговиот говор беше побрз и потечен, што е разбирливо.

- Логично нагласување – **Кандидатот за претседател бр. 1** и **Кандидатот за претседател бр. 2** користеа доста патос при издвојување на поединечни делови од реченицата со што ја потенцираа пораката, но во содржинска смисла тоа напати и не менуваше многу. Таквото постигнување на целта говорникот ги внесува преку своите емоции, преку бојата на гласот, интензитетот, гласноста, а не така што ќе го

[9] Даниела Блажевска, Јавно говорење (Прирачник) USAID-SEA Project, Скопје, 2006
[10] Стево Пендаровски вечерва во Сарај, Кисела Вода и Карпош, 07.04.2019, https://www.youtube.com/watch?v=Tawdq3bfWKQ
[11] Гордана Силјановска Давкова - Македонски Брод, 08.04.2019, https://www.youtube.com/watch?v=A1YEZzDN0D4

пренагласува секој збор .[12] Во првиот случај претпоставуваме дека се работи за тоа што македонскиот јазик не му е мајчин јазик на изразување, а во вториот беше очигледна намерната вокативност и тенденциозниот патос при изразувањето.

2. Модулација

Добриот говорник умее да го задржи вниманието на публиката од самиот почеток па сé до крајот со примената на виртуозни промени на гласот. Говорникот треба да ја менува гласноста на својот говор, да ја зголемува или намалува јачината во зависност од тоа што го соопштува и од реакцијата на публиката.

Ако постојано се зборува во иста висина, без да се врши модулација на секоја нова реченица тогаш говорот ќе прерасне во една неподнослива монотонија. Таквиот пример е особено изразен кај **кандидатот за претседател бр. 2.**

Наспроти тоа пак, кај **кандидатот за претседател бр. 3** се констатира пребрзото темпо на говор, кое е лошо темпо, затоа што говорникот во еден здив го изговара целокупниот концепт кој со таа молскавична брзина е тешко запаметлив кај публиката и обратно, бавното темпо резултира со неможност да се одржува јасноста и следливоста на мислата.[13]

Кај **кандидатот со реден број 1** – забележлива беше умереноста, но повторно ќе нагласиме сомнеж за истата, бидејќи модулацијата се менуваше во зависност од тоа кој јазик го користеше. Доколку го користеше македонскиот јазик, умереноста беше повидлива и истражувачите може само да претпостават дека е тоа резултат на превенција од грешка.

Преку политичките говори се создава јавното мислење, се влијае на развојните процеси, а најчесто се користат за целите на убедување и уверување на слушателите. Најголема употребна вредност на политичките говори во скоро време се праќање политички пораки кон противникот, но и кон посебно таргетирани групи од пошироката јавност, како и кон партнерите од меѓународната заедница.

Политичкиот дискурс, изразен на специфично место, локација и датум, содржи во себе точно предвидливи пораки кои им се наменети на аудиториумот. Прашање е на интерес и компетенција да се примат, односно да се разберат целисходно од другата страна. Во нашето општество, најчесто се користат политичките собири, настани, прослави, фестивали, па дури и празнувања за да се пренесе порақата. Многу често во последно време општата јавност станува индиферентна и пасивна кон ваквото однесување на политичарите, и тоа е прашање за кое треба да се сериозно загрижени. Собирите од стариот вид и ков, во кои биле испорачувани говори со политички говори, веќе скоро и да не постојат денес, освен во точно организирани формати во предизборните кампањи. Но, во време на дигитализација, аудиториумот станува дифузен по однос на примање на пораките. Не постои веќе ЕДНО место каде што се испорачуваат политичките говори. Имаме поразличен публикум кој доаѓа до информации на различен начин. Затоа и пренесувањето на политичките пораки стана отежнета работа.

Но, не е толку спорно местото, времето и начинот на кој се комуницира, ами тоа што сѐ повеќе се користат разни манипулативни техники. Многу често, политичките говори не ги содржат одговорите на прашањата кои им се поставени, ами напротив, политичкиот дискурс е целосно насочен кон извртување на тезата, со цел да се насочи мислата кон она што сака да го слушне слушателот, т.е. гласачот. За политичкиот дискурс, важно е да биде насочен кон избирачкото тело, кон она колективно тело кое нема своја аморфност, туку е збир на лица кои поединечно можеби и не би реагирале така. Но во случајов се дел од поголема група, пасивна средина која е подготвена да направи она што индивидуализмот не би се ни осудил. Добриот политички говор треба да ги содржи сите три елементи: патос (емоции), логос (разум) и етос

[12] Даниела Блажевска, Јавно говорење (Прирачник) USAID-SEA Project, Скопје, 2006
[13] Blerim Reka për President, Kumanovë, 07.04.2019, https://www.youtube.com/watch?v=7fO15VsnNhM

(морал). Но во предизборни кампањи секогаш се користи многу повеќе патос отколку разумот и моралот.

Во неодамнешните реторики особено беа забележани: склоноста да се направи лажна аналогија меѓу две неповрзани работи и потоа аналогијата да се искористи за да се направи претпоставка, и лажна дихотомија со извлекување на едната алтернатива како точна, само затоа што другата не е точна. Ваквата политичка реторика несомнено не покажува демократска зрелост за борба со аргументи и факти, туку напротив силен обид да се манипулира со јавноста и со јавното мислење. Тоа резултира со пониско ниво на политичко беседење кое не имплицира јавен интерес, ниту пак е индикатор за општество во кое прашањата од интерес за граѓанинот се приоритет. Напротив, ваквите политички говори се научени, извежбани, и го имаат пред себе не граѓанинот, ами гласачот. На таков начин само се прави штета на процесите, оти ниту се формира јавно мислење по однос на некои важни прашања, ниту се алармира за важни состојби кои имаат влијание, ниту се општествено насочени. Напротив, имаат смисла само во внатрешно - партиски препукувања. А тоа веќе не е политичка реторика ниту ниво на дискурс кој го третира овој текст.

**Позитивниот мир и политичарите**

Политичките структури, без разлика дали се на власт во конкретната држава, или се во опозиција, имаат големо влијание врз дејствувањето на стабилизаторските фактори на мирот и безбедноста. Со нив државата го обезбедува мирот, безбедноста и стабилноста, со што значително се намалува ризикот од нејзина дестабилизација и предизвикување на конфликтни состојби. Стабилноста на една држава е од особено значење заради јакнење на индивидуалната и на колективната свест за постоењето и за значењето на државата и нејзината способност за подобрување на квалитетот на животот на граѓаните во секој поглед.

Без разбирање на факторите кои создаваат и одржуваат мирни општества, нема да биде возможно да се развиваат програмите, да се креираат политики или да се разберат ресурсите потребни за изградба на мирни и издржливи општества. Истите фактори кои создаваат мир, исто така, доведуваат до многу други позитивни резултати кон кои се стремат општествата, како што се просперитетните економии, подобро вклучување, високо ниво на издржливост и општества кои се способни да се прилагодат на промените. Други фактори позитивно поврзани со мирот се подобри перформанси на еколошките мерки, благосостојба и среќа. Врз основа на ова, кога се зборува за позитивните аспекти и карактеристики на мирот, се укажува на терминот позитивен мир.

Според Institute for economics and peace (http://economicsandpeace.org) позитивниот мир може да се опише како **создавање на оптимална средина** во која човечкиот потенцијал може да се развие. Понатаму, позитивниот мир се дефинира како **севкупност на ставови, институции и структури кои создаваат и одржуваат мирни општества**. Позитивниот мир не се поврзува само со повисоки нивоа на мир, туку и со посилните макроекономски перформанси, бидејќи факторите кои одржуваат помирољубиви општества, исто така, обезбедуваат **рамка за силен економски развој**.

Институтот за економија и мир/Institute for economics and peace секоја година од 2014 година наваму објавува извештаи за позитивен мир (http://visionofhumanity.org/reports/), анализирајќи ги факторите кои влијаат на одржување на мирот. Мерењето на Индексот на позитивен мир во овие извештаи се пресметува преку осум главни фактори, столбови на мирот:

- Добро функционирачка влада
- Здраво деловно опкружување
- Рамноправна распределба на ресурсите
- Прифаќање на правата на другите
- Добри односи со соседите

- Слободен проток на информации
- Високи нивоа на човечки капитал
- Ниски нивоа на корупција.

Владата која функционира добро обезбедува високо-квалитетни јавни и граѓански услуги, создава доверба и учество, ја демонстрира политичката стабилност и го поддржува владеењето на правото.

Здравото деловно опкружување се однесува на силата на економските услови, како и формалните институции кои го поддржуваат функционирањето на приватниот сектор. Деловната конкурентност и економската продуктивност се поврзани и со најмирните земји.

Мирните земји имаат тенденција да обезбедат еднаквост во пристапот до ресурси, како што се образованието, здравството и, во помала мера, капиталот во распределбата на приходите.

Мирните држави често имаат формални закони кои гарантираат основни човекови права и слободи и неформални социјални и културни норми кои се однесуваат на однесувањата на граѓаните.

Мирните односи со другите земји се исто толку важни како и добрите односи меѓу групите во една земја. Земјите со позитивни надворешни односи се помирни и имаат тенденција да бидат повеќе политички стабилни, да имаат подобро функционирање на владите, да бидат регионално интегрирани и да имаат пониско ниво на организиран внатрешен конфликт. Во последните две години, во однос на меѓусоседските односи, забележлив е напредок, со тоа што беа потпишани два клучни договори за доброседство и партнерство.

Живееме во време во кое информациите се многу важен ресурс и влијаат на развитокот на општествените, политичките и економските процеси во државата. Слободните и независни медиуми во едно општество шират квалитетни информации на начин кој води до поголемо информирање и им помага на поединците, бизнисот и граѓанското општество да донесуваат подобри одлуки.

Човечкиот капитал е важен фактор од кој зависи квалитетното, ефикасно и ефективно извршување на работните задачи и должности во рамките на органите и институциите од јавниот и приватниот сектор. Човечките ресурси придонесуваат за развој на општествените процеси и односи и унапредување на квалитетот на услугите кои ги пружаат на другите субјекти во општеството. Квалификуваната база на човечки капитал го одразува степенот до кој општествата ги едуцираат граѓаните согласно потребите на пазарот и го промовираат развојот на знаењето, со што се подобрува економската продуктивност, грижата за младите, политичкото учество и социјалниот капитал.

Во општества со високо ниво на корупција, ресурсите се недоволно распределени, што често води до недостиг на средства за основни услуги и придонесува за појава на граѓански немири. Ниското ниво на корупција може да ја зголеми довербата на граѓаните во јавните институции. Корупцијата владее особено во земјите во развој и земјите во транзиција, поради кревките општествено-политички и економски односи. Проучувањето на корупцијата е особено важно за утврдување на факторите и причините, креирање на мерки и активности за нејзино сузбивање и подобро прилагодување на јавните политики и јакнење на антикорупциските органи.

За сите овие фактори кои влијаат за развој на позитивниот мир во државата потребно е да се дискутира многу повеќе во јавноста. Претседателските кандидати во изборната кампања во многу мал дел споменаа дека за развој на општеството е потребно да има добро функционирачка влада (кандидатот бр. 2), прифаќање на правата на другите (кандидатот бр. 1 и 3) и добри односи со соседите (кандидатот бр. 1 и кандидатот бр 3.). Третирањето на овие теми во рамки на нивните настапи не беше соодветно, ниту согласно интересот на јавноста и граѓанинот. Се чини дека во поголем обем беа насочени кон граѓанинот само како гласачко тело и во зависност од локацијата на кампањата се третираа посебни теми и сегменти од областите на позитивниот мир.




Графикон 1: Тренд на индексот на позитивен мир
во Република Северна Македонија
Извор на податоци: http://economicsandpeace.org http://visionofhumanity.org
Развиено од: Импетус

На графиконот 1 е прикажан трендот на позитивниот мир во Република Северна Македонија во периодот 2015-2018 година. Во 2015 година е достигнат максимумот на овој индекс, а во последните две анализирани години (2017 и 2018) е достигнат минимумот на овој индекс. Просекот на овој индекс за анализираниот период е 2.8145. Од податоците се констатира постојан пад на вредноста на овој индекс. На овие вредносни судови влијаат политичките и општествените случувања, како во земјата така и во соседството.

Со самиот факт што 2017 и 2018 година беа годините кога беше промената на власта, како и низа реформски процеси кои уште траат, потоа промената на името на државата, незавршени судски процеси, итн. очекуван е и очигледен падот на индексот на позитивниот мир. На сите овие фактори влијаат и наративите кои се користат од страна на партиите, медиумите, изјавите и пораките кои се праќаат, со што во одредени ситуации и контексти се доведува под прашање стабилноста на одредени процеси. Па така, доколку треба да зборуваме за развој во некои од наброените фактори обврзани сме да ги нотираме и дискурсите во кои се води одредена политика, особено пак кога се работи за реторика на кандидати за претседател на државата.

## Заклучок

Политичките структури, без разлика дали се на власт во конкретната држава, или се во опозиција, имаат големо влијание врз дејствувањето на стабилизаторските фактори на мирот и безбедноста. Со нив државата го обезбедува мирот, безбедноста и стабилноста, со што значително се намалува ризикот од нејзина дестабилизација и предизвикување на конфликтни состојби. Стабилноста на една држава е од особено значење заради јакнење на индивидуалната и на колективната свест за постоењето и за значењето на државата и нејзината способност за подобрување на квалитетот на животот на граѓаните во секој поглед.

Реториката е наука која на многу структуриран начин, преку акции, говори, интервјуа за гости од медиуми, прес-конференции за односи со јавноста, дури и при преземање на некои активности и иницијативи се следи и се проучува. Сите овие форми и уште многу други се сметаат како неформално застапување на политиката и влијаат врз состојбата во развојните процеси во земјата.

Индикаторите за индексот на мирот се токму оние видови на активности и тематски форми на зборување во јавноста, за начинот на адресирање на оние теми кои се важни за индикаторите на мир и кои можат да бидат многу чувствителни во различни контексти на наративи и дискурси.

Како и на кој начин претседателските кандидати зборуваа за овие теми во јавноста?!

Од клучните наоди видовме дека некои од нив ги адресираа тематски факторите на градење позитивен мир во своите програми, но не останаа конзистентно посветени на дискурсот во програмата, ами менуваа ставови и позиции во јавните настапи или пак во директните настапи на партиските лидери, со што се намалуваше и кредибилитетот на кандидатската реторика.

Еден од најеклатантните примери е промената на ставот и позициите во однос на Преспанскиот договор. Прашањето за добрососедските односи, како еден од факторите за градење мир, потоа економските процеси и прашања за развој, се јасни показатели за нивото на демократија, мерено преку политиките и политичката јазична политика што се користи како индикатор за градење на позитивниот мир во земјат, па и во регионот.

Претседателските кандидати во изборната кампања во многу мал дел споменаа дека за развој на општеството е потребно да има добро функционирачка влада (кандидатот бр. 2), прифаќање на правата на другите (кандидатот бр. 1 и 3) и добри односи со соседите (кандидатот бр. 1 и кандидатот бр 3.). Третирањето на овие теми во рамки на нивните настапи не беше соодветно, ниту согласно интересот на јавноста и граѓанинот.

Исклучително е важно КАКО ќе се постават ставовите, и лексички и политички. Јазикот на политиката мора да одразува развојни процеси, позитивна лексика и во случаи кога нотира предизвици.

Мора да се научиме како да ги градиме политиките кои ќе водат кон осврт на сите теми од индексот на градење позитивен мир, но и реторички да останеме конзистентни на она за што се залагаме. Само на тој начин се постигнува политички и изборен кредибилитет.

**Извори**


- Blerim Reka për President, Kumanovë, 07.04.2019, https://www.youtube.com/watch?v=7fO15VsnNhM
- VMRO-DPMNE RALLY FROM NEGOTINO MACEDONIA, 03.04.2019, https://www.youtube.com/watch?v=IctAhVALri8
- Гордана Силјановска Давкова - Македонски Брод, 08.04.2019, https://www.youtube.com/watch?v=A1YEZzDN0D4
- Даниела Блажевска, Јавно говорење (Прирачник) USAID-SEA Project, Скопје, 2006
- Заев: На претседателските избори имаме лесен избор,спротивната страна има слаб кандидат, 04.04.2019, https://www.youtube.com/watch?v=YHNpMyEuqLg&fbclid=IwAR3TI4AS4QXOTIIA1b3AiMXz9VIEhbpCt8Tgf_uBeEL2YOyxe2kuQlGKlOU
- Ivan Ivanji, Razgovori o veštini govorništva (Retorika), Bratstvo - Jedinstvo, Novi Sad, 1953
- Пендаровски: Ќе бидам претседател на сите граѓани и внатрешен „камшикар“, 01.04.2019, https://www.youtube.com/watch?v=AEbkqwUAblw&fbclid=IwAR0erTwwysC08SNMoby-CGEkZPBhAqqmjvLL24VEcy3WpoMEg--fYXkpUZFw
- Стево Пендаровски вечерва во Сарај, Кисела Вода и Карпош, 07.04.2019, https://www.youtube.com/watch?v=Tawdq3bfWKQ
- http://blerimreka.org/mk/programi/
- http://gordanazapretsedatel.mk/wp-content/uploads/2019/04/programa.pdf
- https://zaednonapred.mk/programa/